БИЛТЕН

СИНДИКАТ УПОЗ

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БР 41 (1) ЈАНУАРИ 2006



ПЕТТО СОБРАНИЕ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

# НИКОГАШ НЕ ТРЕБА ДА ЈА ГУБИМЕ ДОВЕРБАТА ВО МОЌТА НА СИНДИКАТОТ

**На 11 јануари 2006 година во Скопје се одржа Петтото собрание на Синдикатот на работниците од управата, правосудството и здруженијата на граѓани на РМ. Делегатите на Собранието ги разгледаа и усвоија Извештајот за работа во изминатиот четиригодишен период (декември 2001 – декември 2005), Програмата за активностите во наредниот период и Измените и дополнувањата на Статутот.**

**По разрешувањето на досегашните органи на Синдикатот беа избрани нови и тоа: Надзорен одбор и претседател на Синдикатот на УПОЗ. За претседател повторно беше избран Ванчо Муратовски кого делегатите на Собранието повторно го предложија и како можен кандидат за претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија.**

Петтото собрание на Синдикатот на работниците од управата, правосудството и здруженијата на граѓани на РМ што се одржа на 11 јануари 2006 година во зградата на Сојузот на синдикатите на Македонија (Работнички дом) во Скопје. Тоа беше највисокиот собир на Синдикатот во изминативе четири години. Согласно Стаутот, Собранието (редовно) се одржува на секои четири години (во наредниот период согласно измените на Статутот на секои пет години), како највисок орган на Синдикатот.

Во преполната сала на Синдикатот, во прекрасен амбиент, со огромно присуство на делегати и гости од ССМ, гранските синдикати, синдикати од странство, претставници на државните органи и други гости, Собранието го отвори претседателот Ванчо Муратовски. Меѓу гостите беа и Министерот за труд и социјална политика Стевчо Јакимовски, Државниот секретар во Министерството за правда Виктор Цветковски, претседателите на гранските синдикати членки на ССМ, претседателите на Регионалните синдикални организации, претставници и делегации на синдикатите од странство (Грчкиот синдикат EDOT, Синдикатот на државните и локалните службеници на Хрватска, Федерацијата на независните синдикати од државната управа и Синдикатот на граѓанската администрација на МВР на Бугарија и Синдикатот на државните службеници на Шведска).

(Продолжува на 2 страница)



## ВАНЧО МУРАТОВСКИ ПОВТОРНО ИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ

Ванчо Муратовски роден е 1950 година. Завршил Правен факултет во Скопје и набрзо потоа положил и правосуден испит. Во Синдикатот е од 1978 година. Бил секретар на Синдикатот на УПОЗ во три мандати а во четири мандати и негов претседател. Пред тоа работел во Окружниот суд во Скопје а потоа во Сојузниот секретаријат за надворешни работи на поранешна СФРЈ и Началник на заедничките служби на ССМ.

Сега е член на Извршниот комитет на EPSU, член на Комисијата за рамноправност на половите при EPSU, член на Советот на ПСИ, член на Националниот комитет за претприемништво на РМ, член на Европскиот комитет на РМ, член на Извршниот одбор на Сојузот на возачите на Македонија, член на Економско – социјалниот совет и претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија, функција која и во моментов ја извршува.

(Продолжение од 1 страница)

По усвојувањето на Деловникот за работа беше избрано работно претседателство (Ванчо Муратовски, Мирјана Атанасовска, Соња Солевска, Дехар Мустафи и Стојко Мурџевалески) кое раководеше со натамошниот тек на Собранието а претседавач беше Стојко Мурџевалески. По усвоениот дневен ред беа избрани работни тела на Собранието (Секретаријат, Верификациона, Кандидациона и Изборна комисија).

Следуваше обраќањето на претседателот Ванчо Муратовски и неговиот реферат во кој се осврна на најважните активности на Синдикатот на УПОЗ во изминатиот период а се осврна и на оние активности кои претстојат во наредниот период. Притоа тој истакна дека Синдикатот во изминатиот четиригодишен период се соочуваше со бројни предизвици, проблеми и тешкотии во своето работење.Тој беше во непрекината борба за зачувување на стекнатите права на работниците и работните места особено за членовите во органите на управата. Зборувајќи за идните активности тој истакна дека и натаму Синдикатот ќе биде исправен пред големи искушенија и предизвици. Никогаш не треба да ја губиме довербата во моќта на синдикатот и во она што како синдикат можеме да го направиме. Секогаш треба да имаме на ум дека синдикалната борба е долготрајна, напорна и неизвесна. Затоа ќе мораме сите да се залагаме тој да стане уште помасовен и посилен.

По извештајот на Верификационата комисија која констатира стопостотно учество на сите 65 делегати беше констатирано дека Собранието може да ја продолжи работата и полноважно да одлучува.

Работниот дел на Петтото собрание отпочна со расправата по Предлог - документите, Извештајот за активностите во изминатиот четиригодишен период, Програмата за активностите во наредниот период и Измените и дополнувањата на Статутот. Единствен дискутант беше Слободан Николовски, главен повереник на Локалната самоуправа. Тој ги истакна проблемите на организациите од локалната самоуправа во Република Македонија и побара и посочи можни решенија за поинаков пристап на Синдикалната организација на локалната самоуправа која ќе биде најголемата синдикална организација во рамките на Синдикатот на УПОЗ.



Извештајот за работа, Програмата за работа и Измените и дополнувањата на Статутот беа усвоени едногласно и без било какви забелешки. По усвојувањето на документите, заради изминување на мандатот, беа разрешени членовите на Претседателството и Надзорниот одбор. Со тоа се создадоа услови за избор на нови органи. Најпрво беше верификувана листата на членови на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ а потоа беа избрани членовите на Надзорниот одбор и нивните заменици.

Предложените точки за Собранието, Избор на делегати за 17–тиот конгрес на ССМ и избор на членови на Советот на ССМ од Синдикатот на УПОЗ, беа симнати од дневниот ред бидејќи до почетокот на Собранието Советот на ССМ немаше утврдено број на делегати и членови на Советот. Затоа Собранието го овласти Претседателството на своја седница да го изврши изборот врз основа на предлозите од синдикалните организации.

Бидејќи Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на седницата од 8 декември 2005 година како единствен можен кандидат го утврди Ванчо Муратовски, делегатите на Петтото собрание со јавно гласање, едногласно за претседател на Синдикатот на УПОЗ го избраа Ванчо Муратовски.

Исто така, делегатите на Петтото собрание на Синдикатот на УПОЗ врз основа на предлозите од синдикалните организации го предложија Ванчо Муратовски како можен кандидат за претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија за претстојниот 17-ти конгрес на ССМ. Со тоа заврши Петтото собрание а дружењето и неформалните разговори меѓу делегатите и гостите продолжи.

## ДНЕВЕН РЕД:

1. Усвојување на Деловникот за работа на Собранието на Синдикатот на УПОЗ;
2. Избор на Работно претседателство и работни тела на Собранието:
   - Верификациона комисија;
   - Кандидациона комисија;
   - Изборна комисија;
   - Секретаријат;
   - Записничар и двајца оверувачи.
3. Реферат на претседателот на Синдикатот на УПОЗ, Ванчо Муратовски;
4. Извештај на Верификационата комисија;
5. Предлог-Извештај за активностите на Синдикатот на УПОЗ во периодот помеѓу IV-то и V-то Собрание ;
6. Предлог-Програма за активностите на Синдикатот на УПОЗ во претстојниот период;
7. Предлог-Измени и дополнувања на Статутот на Синдикатот на УПОЗ;
8. Разрешување на членовите на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ и Надзорниот одбор.
9. Извештај на Кандидационата комисија;
10. Верификација на мандатот на членовите на Претседателството;
11. Избор на членови на Надзорниот одбор на Синдикатот;
12. Избор на делегати за XVII-от Конгрес на ССМ, од Синдикатот на УПОЗ;
13. Избор на членови на Совет на ССМ, од Синдикатот на УПОЗ;
14. Избор на претседател на Синдикатот на УПОЗ;
15. Предлог за можен кандидат за претседател на ССМ.

## И З В Е Ш Т А Ј
### на Верификационата комисија

Верификационата комисија на Петтото собрание на Синдикатот на УПОЗ во состав: Димитар Варелов- известител, Жанета Софревска и Ѓоко Давидовски- членови, на Собранието му го поднесува следниов Извештај. Согласно Одлуката за бројот и составот на делегати за Петтото собрание на Синдикатот на УПОЗ, бројот на делегати изнесува 65. Бројот на делегати кои ги избираа синдикалните организации е 40 а делегати по функција се и 25-те досегашни членови на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ.

Верификационата комисија откако ги преброи полномоштвата на делегатите констатира дека на Собранието присуствуваат 65 делегати.

Исто така, Верификационата комисија констатира, согласно член 5 од Деловникот за работа, дека на Собранието присуствуваат повеќе од 51 насто од делегатите и Собранието може да работи и полноважно да одлучува.

Верификационата комисија му предлага на Собранието да го усвои овој Извештај.

Скопје, 11.01.2006

Верификациона комисија

Димитар Варелов, известител
Жанета Софревска, член
Ѓоко Давидовски, член

## ВАНЧО МУРАТОВСКИ ПРЕДЛОЖЕН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ССМ

Врз основа на предлозите од Синдикалните организации, Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на седницата од 8.12.2005 година го утврди предлогот за можен кандидат за претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија да биде предложен Ванчо Муратовски.

Делегатите на Петтото собрание на Синдикатот на УПОЗ овој предлог го прифатија и едногласно го утврдија Ванчо Муратовски да биде можен кандидат за претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија како предлог на Синдикатот на УПОЗ.

## И З В Е Ш Т А Ј
### на Кандидационата комисија

Кандидационата комисија во состав: Веселин Стојчевски- известител, Жаклина Митреска и Станка Дамјановска- членови, согласно Деловникот за работа, изборните документи, Одлуката за избор на членови на Надзорниот одбор и нивни заменици, како и Одлуката за избор на претседател, изврши увид на документацијата.

По спроведената постапка, Кандидационата комисија му предлага на Собранието да ги прифати предлог-листите и да се изјасни со гласање по истите и тоа:

1. Предлог-листа за членови на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ;
2. Предлог-листа за членови на Надзорниот одбор и нивни заменици;
3. Предлог-листа за претседател на Синдикатот на УПОЗ.

Предлог-листите Ви беа доставени пред почетокот на Собранието и тие се составен дел на овој Извештај.

Согласно член 54 од Статутот, Собранието треба да изврши верификација на избраните членови во синдикалните организации, за Претседателството на Синдикатот на УПОЗ.

Предлог-листата за членови на Надзорниот одбор, врз основа на пристигнатите предлози ја утврди Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на седницата одржана на 08.12.2005 година и Кандидационата комисија му предлага на Собранието да се изјасни по Предлог-листата.

На истата седница Претседателството како единствен можен кандидат, врз основа на пристигнатите предлози, за претседател на Синдикатот на УПОЗ го утврди Ванчо Муратовски. Имајќи во предвид дека мнозинството организации дадоа предлог за кандидатот Ванчо Муратовски, Кандидационата комисија му предлага на Собранието да се изјасни по овој предлог.

Кандидационата комисија му предлага на Собранието да го усвои овој Извештај.

Скопје, 11.01.2006 година

Кандидациона комисија

Веселин Стојчевски, известител
Жаклина Митреска, член
Станка Дамјановска, член




## ЧЛЕНОВИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

**Ванчо Муратовски** - Претседател на УПОЗ, **Зоран Крстевски**-Државен завод за геодетски работи, **Наум Бабука**-Управа за јавни приходи на РМ, **Ицо Лазаревски**-Фонд на ПИОМ, **Митко Димитровски**-Царинска управа, **Зорица Илиќ** - Министерство за правда, **Билјана Чкламовска**-Агенција за вработување, **Ламбе Несторовски** - Фонд за здравство, **Радмила Бојковска**-УХМР, **דончо Марков**-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, **Лилјана Куковска**-Државен завод за статистика, **Соња Солевска**-Министерство за економија, **Јане Петрески**-Министерство за труд и социјална политика, **Кирил Полизовски**-СОЗР на Влада на РМ, **Билјана Стаматова**-Министерство за финансии, **Ѓорѓи Пакетчиев**-Министерсрво за транспорт и врски, **Драган Јосевски**-Апелационо подрачје Скопје, **Горанчо Чалаков**-Апелационо подрачје Велес, **Борче Мирчевски**- Апелационо подрачје Битола, **Тони Делев**-Апелационо подрачје Штип, **Жанета Софревска**-Јавни обвинителства на РМ, **Трајко Златков**-Здружение на возачи на РМ, **Станка Дамјановска** - Стопанска комора.

Дополнително ќе бидат верификувани мандатите на членовите од Воената болница и Локалната самоуправа.

*Прва конститутивна седница на претседателството на Синдикатот на УПОЗ, 11 јануари 2006 година*

# ИЗБРАН ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР И СТАТУТАРНА КОМИСИЈА

Веднаш по завршувањето на Петтото собрание, претседавачот ги повика новите членови на Претседателството да останат во салата и да ја одржат првата конститутивна седница на Претседателството. Беше констатирано дека согласно Одлуката на Претседателството за бројот и составот на највисокиот орган на УПОЗ меѓу две собранија, него ке го сочинуваат 25 членови како и тоа дека Собранието не можеше да изврши верификација на три члена од вкупниот број, од причини што во тие организации не беа завршени изборите во предвидениот рок. Според тоа, не беа верификувани членовите на Претседателството од Локалната самоуправа, Воената болница и Агенцијата за вработување.

По конституирањето на новото Претседателство се премина на втората точка од дневниот ред - избор на генерален секретар на Синдикатот на УПОЗ. Согласно Стаутот, Генералниот секретар го бира Претседателството на предлог на Претседателството. Новоизбраниот претседател Ванчо Муратовски за Генерален секретар во наредниот период го предложи досегашниот секретар Пецо Грујовски. Притоа тој истакна дека Пецо Грујовски во изминатиот мандат апсолутно се потврди како вреден работник и добар организатор на Синдикатот како организација и како иницијатор и организатор на активностите на Претседателството. Членовите на Претседателството го прифатија ваквиот предлог и едногласно му ја дадоа довербата на Пецо Грујовски во наредните пет години да биде Генерален секретар на Синдикатот на УПОЗ.

Исто така, согласно Статутот, Претседателството на Првата седница ги избра и членовите на Статутарната комисија од пет члена и исто толку заменици. По предлогот кој беше доставен на седницата, немаше никакви забелешки, како на структурата така и на предложените кандидати и тие едногласно беа избрани.

На крајот од седницата членовите на Претседателството беа информирани за текот на преговорите на Синдикатот на УПОЗ со Министерката за правда Мери Младеновска-Георгиевска а за крајниот исход од тие преговори ќе се одржи уште една средба после 15 јануари на која ќе бидат конкретизирани и објавени договорените решенија во врска со барањата на синдикатот за платите и условите за работа во правосудните органи, судската полиција и вработените во Казнено-поправните установи.



## ПЕЦО ГРУЈОВСКИ ИМЕНУВАН ЗА ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

Пецо Грујовски роден е 1952 година. Завршил Правен факултет во Скопје. За време на студиите работел како новинар - уредник во весникот „Студентски збор” а потоа се вработил во весникот „Млад борец” каде бил директор и главен и одговорен уредник. Од 1987 година е во Сојузот на синдикатите на Македонија каде работел како Секретар во Комисијата за информирање а потоа Одделение за комуникации и односи со јавноста. Од 1. 04. 2000 година е именуван за Секретар на Синдикатот на УПОЗ. На оваа функција повторно бил именуван по одржувањето на претходното Четврто собрание. Од почетокот на 2005 година ја извршува и функцијата портпарол на ССМ. На првата конститутивна седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ повторно е именуван за Генерален секретар на Синдикатот на УПОЗ.



# ДЕЛЕГАТИ НА ПЕТТОТО СОБРАНИЕ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

**I. Делегати**

Љупка Дупкарска, Министерство за правда-Берово, Виолета Налевска, Локална самоуправа-Битола, Панде Мачковски, Фонд на ПИОМ-Битола, Валентин Зафиров, Основен суд-Велес, Горан Геровски, Царинска управа-Скопје, Славчо Огненовски, КПУ Идризово-Скопје, Димитар Варелов, Царинска управа-Гевгелија, Светозар Кипровски, Министерство за финансии-Гостивар, Снежана Трајкова, Локална самоуправа-Делчево, Стојко Мурџевалевски, ССМ-Кавадарци, Снежана Радојковиќ, ДЗГР-Скопје, Радмила Бојковска, УХМР-Скопје, Славка Ниниќ-Атанасова, Воена болница-Скопје, Ленче Андрееска, Министерство за економија-Скопје, Константина Тасевска, Основен суд-Крушево, Илчо Сиљановски , ДЗГР-Кичево, Аце Анаќиоски, Основен суд-Кичево, Васил Хардалов, Фонд за здравство-Кочани, Никола Јаневски, УЈП-Куманово, Горан Ѓорѓиев, Воена болница-Скопје, Борче Мирчевски, Основен суд-Охрид, Златко Богоевски, Фонд на ПИОМ-Прилеп, Мирјана Атанасовска, ОЈО-Прилеп, Јорданка Поповска, Министерство за земјоделство-Штип, Павлина Дукас, Мин. за труд и социјална политика-Свети Николе, Ламбе Несторовски, Фонд за здравство - Струга, Вангелица Ќосева, Центар за вработување-Струмица, Ѓорѓи Хаџи Васков, Мин. за транспорт и врски-Скопјанка-Скопје, Ади Касами, Фонд за здравство-Тетово, Деар Мустафи, Министерство за правда-Тетово, Жаклина Митреска, УЈП Генерална дирекција-Скопје, Жанета Софревска, Основно јавно обвинителство-Скопје, Зоја Каранфиловска, Основен суд 1-Скопје, Станка Дамјановска, Стопанска комора-Скопје, Мира Бошњаковска, Основен суд 2-Скопје, Бесник Ќазими, Апелационен суд-Скопје, Татјана Алексовска-Сапунџиоска, Државен архив на РМ-Скопје, Љупчо Атанасовски, Здружение на возачи-Скопје, Звонко Миовски, ДЗГР-Штип, Васка Манева, Основен суд-Штип

**II. Делегати-Претседателство**

Ванчо Муратовски, Горан Рајковски, Воена болница-Скопје, Ицо Лазаревски, Фонд на ПИОМ-Скопје, Јован Сапунџиоски, Државен завод за статистика-Скопје, Борко Ристовски, Основно јавно обвинителство-Скопје, Јане Петрески, Министерство за труд и соц. политика-Гостивар, Ѓорѓи Пакетчиев, Мин. за транспорт и врски-Скопје, Митко Димитровски, Царинска управа на РМ-Скопје, Слободан Николовски, Локална самоуправа-Велес, Соња Солевска-Мин.за економија-Скопје, Зорица Илиќ-Министерство за правда-Скопје, Ѓоко Давидовски, Здружение на возачи-Скопје, Билјана Стаматова, Министерство за финансии-Битола, Дончо Марков, Министерство за земј. шум. и водо.-Пробиштип, Веселин Стојчевски-Фонд за здравство-Битола, Кирил Полизовски, Влада на РМ СОЗР-Скопје, Зоран Јосифовски, Основен суд-Кавадарци, Оливера Манели-Бандевска, Основен суд-Битола, Тони Делев, Основен суд-Струмица,  Наум Бабука, УЈП-Битола, Лазо Ангелевски, Стопанска комора на Македонија-Скопје, Стојан Орешков, ДЗГР-Кавадарци, Драги Гулабовски, УХМР-Скопје, Крсте Змејковски, Апелационен суд-Скопје, Драган Фрчковски, Агенција за вработување на РМ-Скопје.



## СТАТУТАРНА КОМИСИЈА

На Првата седница, членовите на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ ги избраа членовите и нивните заменици на Статутарната комисија.

Членови на Сатутарната комисија се: **Слободан Беличански** од Основниот суд во Прилеп, **Младен Ванчовски** од Министерството за правда – П.О. Кичево, **Мичо Гајдаџиев** од Основниот суд во Тетово, **Ирена Поповска** од Агенцијата за вработување на РМ и **Драге Јованоски** од ССМ.

Заменици - членови на Статутарната комисија се: **Доне Ефремов** од Државниот завод за геодетски работи, **Миле Стојановски** од Министерството за труд и социјална политика, **Татјана Алексовска - Сапунџиоска** од Државниот архив на РМ, **Герасим Мирчевски** од СОЗР на Владата на РМ и **Оливера Манели - Бандеска** од Основниот суд во Битола.

## НАДЗОРЕН ОДБОР

Делегатите на Петтото собрание на Синдикатот на УПОЗ со јавно гласање ги избраа членовите и нивните заменици на Надзорниот одбор.

За членови на Надзорниот одбор се избрани: **Ѓоко Давидовски** од Здружението на возачи на Македонија, **Златко Мирчевски** од Државниот завод за статистика и **Славчо Огненовски** од Казнено - поправните установи на РМ.

## НОВОТО ИМЕ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

Согласно Измените и дополнувањата на Статутот на Синдикатот новото полно име гласи: **СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.**

Скратениот назив и натаму останува ист – **Синдикат на УПОЗ.**

Во меѓународната комуникација Синдикатот ќе го користи следниов назив: **Trade union of the administration, justice and public association of the Republic of Macedonia.**

**Р Е Ф Е Р А Т** ***на Ванчо Муратовски, претседател на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ***

# ПАТОТ КОЈ ЗАЕДНИЧ КИ ГО ИЗОДЕВМЕ НЕ ОБВРЗУВА ДА ИСТРАЕМЕ ДО КРАЈ

Моето обраќање до Вас го почнав со оваа активност, не со намера да потенцирам колку бевме успешни туку со намера да посочам дека предизвикот кој тогаш го имаше Синдикатот го искористи. Тогаш, како никогаш до сега Синдикатот го достигна својот највисок рејтинг а како резултат на тоа имаше и нови зачленувања. Синдикатот на УПОЗ заедно со другите синдикати од јавниот сектор, во овој мандат што изминува, имаше одличен старт, одличен почеток кој во наредниот период требаше да даде нови и уште подобри резултати. Меѓутоа, четиригодишниот период односно периодот меѓу Четвртото и Петтото собрание беше период на многу предизвици за Синдикатот, со многу барања од членството за решавање на проблемите кои како реален одраз на вкупните состојби во државата и реформските зафати, негативно се рефлектираа на нашата позиција и довербата на членството во Синдикатот. Но тие состојби крајно негативно се одразија и врз вкупната материјална и социјална положба на членството.

**Многу предизвици и проблеми**

Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани се соочуваше со многу предизвици, проблеми и тешкотии.Тоа на Синдикатот му наметна тој постојано да биде во непрекината борба за зачувување на стекнатите права и работните места особено за членовите во органите на управата. Но овој период е карактеристичен и по постојаната борба на Синдикатот да ја натера власта на перманентен и вистински социјален дијалог низ кој ќе се решаваат сите позначајни прашања од економската и социјалната сфера. Само таков пристап може да ги даде очекуваните резултати зашто во светот други принципи на решавање на социјалните конфликти не постојат.

Иако резултатите се евидентни, никогаш не смееме да се опуштиме и да кажеме дека го достигнавме максимумот и никогаш не можеме да го изразиме нашето задоволство од постигнатото. Веднаш ќе бидете осудени од членството и од јавноста дека Синдикатот се задоволил со минимална добивка иако вие сте го постигнале максимумот. Затоа во иднина ќе мора да се научиме и да се радуваме на успесите и да ги респектираме. Мораме да бидеме разумни и одговорни пред себе и пред членството и да не одиме со максималистички барања и да не очекуваме дека се што ќе побараме можеме да оствариме со еден штрајк или со едни преговори, па нека бидат тие и на највисоко ниво - со Владата.

***Пред четири години, веднаш по одржувањето на Четвртото собрание, Синдикатот на УПОЗ и неговите новоизбрани органи и тела, имаа вистинско „огнено крштевање". Претходно започнатите активности за зголемување на платите и најавите за штрајк требаше да продолжат. Тогашната Влада несериозно ги сфати барањата на синдикатите од јавниот сектор и се однесуваше комотно, сметајќи дека со одолговлекување на преговорите ќе добие во време а со тоа ќе ја отапи и острицата на синдикалната борба. Но и тогаш се покажа дека синдикатот е најсилен токму тогаш кога Владата сметаше дека е најслаб. По неколкумесечни одлагања на преговорите и игнорирање на барањата на синдикатите од јавниот сектор, тогашната Влада беше таа која го испрововоцира штрајкот. Сепак, штрајкот кој започна на 20 и траеше до 29 мај 2002 година заврши со вистински преговори кои Владата мораше да ги прифати односно да седне на преговарачка маса со Синдикатот. Со завршувањето на штрајкот, после десет години за прв пат во Македонија се зголемија платите на вработените во јавниот сектор.***

**Синдикатот се наметна како социјален партнер**

Но успесите некој сакаше да ги девалвира. Некои сили, внатре во синдикатот му наметна битка тој да се занимава сам со себе, да се промовираат нови лидери кои не понудија ништо ново и конкретно, туку со напади врз своите колеги за наводен „антисиндикализам", тие ќе покажеле како треба да работи Синдикатот. И за чудо тоа до скоро им успеваше, да ја придобијат и да ја лажат јавноста со излитени политички пароли од типот „овие ве лажат не им верувајте, тие не се ваши вистински застапници, затоа да ги срушиме а ние ќе бидеме вистинските." За среќа, на лагата и се кратки нозете и само пред две недели целокупната јавност ја виде и ја прочита измамата на деценијата. Видовме една пародија за освојување на просторот под синдикалното небо, видовме нов лидер на т.н. Федерација на независни, слободни, самостојни и што јас знам какви не синдикати. Видовме лидер кој не знаеше во две реченици да каже кој се предизвиците на тој синдикат, кого и како ќе заштитува. Маските паднаа и се виде кој е кој.

Но немам намера во мојот реферат да се занимавам со другите и да ја анализирам нивната работа. За нас од секогаш било битно што ние работиме и што треба да работиме. Затоа ќе продолжам таму каде што застанав. Изминатиов период беше карактеристичен по реформите во јавната администрација кои десетина години се актуелни а во последните години беа и најжестоки. Синдикатот ги оцени како радикални бидејќи тие сериозно се одразија врз сигурноста на работните места на нашето членство. Нашите забелешки уште на стартот беа игнорирани од власта за потоа со силата на аргументите ги убедивме да ги прифатат. Ние во нашите забелешки укажувавме дека сме за реформи и ќе ги поддржиме, но истовремено баравме таквите реформи да бидат практични и спроводливи и Владата мора уште на стартот да направи поопстојни анализи. Укажувавме дека реформите треба да




придонесат за поголема ефикасност на јавната администрација а не тие да бидат параван за отпуштање на работниците за веднаш потоа да се примат, нови партиски кадри. Всушност, реформите на сите влади повеќе личеа на политички одлуки отколку на вистинска потреба на она што секоја власт го најавуваше – создавање на мала и ефикасна администрација. Се додека Синдикатот во овие процеси не биде вклучен како рамноправен социјален партнер, слободно можам да кажам дека ќе се залажуваме дека правиме реформи и ќе тапкаме во место. За наша среќа или несреќа, времето покажа дека како Синдикат сме биле во право, но за нас во вакви околности, тоа не е некоја голема сатисфакција. Власта во Македонија, независно дали е коалиција на леви, десни или на партии од центарот, мора да сфати дека нема да може и не смее да помине ниту еден проект во државата, па тој нека се нарекува и реформски, а задира во правата и интересите на работниците, без да биде вклучен Синдикатот.

**Не дозволивме отпуштените работници да се најдат на улица**

При ова морам да истакнам дека конечно и особено во последниве две години, Синдикатот беше поактивно вклучен и консултиран за повеќе прашања и навистина имавме успех. За нас најболното прашање во реформите - отпуштањето на вишокот вработени во управата и фондовите, успеавме низ преговори со работодавачите да го решиме задоволувачки. Во преговорите приоритетно се залагавме ниеден наш член да не остане без работа или социјално незаштитен. Најсвеж е примерот со Министерството за транспорт и врски каде заради децентрализација на власта 370 вработени во ова министерство требаше да преминат во локалната самоуправа. Од поединци во локалната самоуправа се јавија проблеми во врска со нивното преземање. Со секојдневни преговори, притисоци и ангажирање успеавме најголемиот број од нив да бидат преземени од локалната самоуправа. Другите, кои наводно не можеа да бидат преземени, преку Агенцијата за дражавни службеници, по поднесените приговори, повторно се вратени на работа во Министерството за транспорт и врски.

Пред нешто помалку од две години, заради влошената економско - социјална положба, непримената на одредбите од Колективниот договор во делот на платите и другите надоместоци, како и најавените отпуштања, Синдикатот на УПОЗ донесе одлука за штрајк. Во преговорите со Министерството за правда беше договорена декомпресија на платите од 42 насто во рок од две години и дека во дејностите кои ги опфаќа Синдикатот на УПОЗ ќе нема класични отпуштања од работа. Кога сум кај платите сакам да истакнам дека по утврдувањето на најниската плата како резултат на штрајкот од мај 2002 година, се создадоа услови за нивно регулирање согласно колективните договори. Но како што реков пред малку, нашето неединство во Синдикатот и особено неединството на синдикатите од јавниот сектор и даде можност на Владата да биде доста комотна по ова прашање. Со донесувањето на новиот Закон за работни односи и прецизните одредби во поглед на колективните договори, се надевам дека во период кој е пред нас ќе ги решиме овие проблеми. Но како и да е, наша основна определба е за нашите членови да обезбедиме плати достојни за живот. Почетни резултати имаме, платите на повисоката категорија државни службеници со декомпресијата се значително корегирани и затоа се надевам дека и за другите вработени со преговорите кои се во тек за нивните плати, конечно ќе можеме да кажеме дека заеднички сме успеале. На сите веќе им станува јасно дека без мотивираност на работниците не може да се очекува поголема продуктивност а со тоа и просперитет на државата.

Слична е состобата и во правосудните органи. Судиите и одредена категорија државни службеници во правосудните органи веќе добиваат значително зголемени плати а по завршувањето на преговорите со Министерството за правда очекуваме дека и на другите државни и недржавни службеници платите ќе им бидат корегирани односно зголемени. Но тука сакам да ја потенцирам и главната причина што подолго време не сторивме ништо за платите на вработените во правосудните органи а тоа е одбивањето на било каков дијалог со Синдикатот на претседателот на Врховниот суд кој истовремено е и прет-седател на Судскиот буџетски совет. Сепак најтешко од се е што во период од две години, Претседателот на Врховниот суд не успеа да сфати дека е работодавач на сите вработени во правосудните органи а не само на судиите. Од друга страна, Синдикатот заради неодлучност и колебливост на вработените во скопските судови не успеа со притисок да го натера да седне на преговарачка маса. Но, не се откажуваме од нашата борба, верувам дека и оваа битка ќе ја добиеме како и многу други пред тоа.

**Колективните договори да бидат основен инструмент за регулирање на правата од работен однос**

Затоа и натаму ќе инсистираме колективното преговарање и колективните договори да бидат основниот инструмент за регулирање на платите и воопшто на правата од работен однос. Од овие причини ќе мораме во на-

(Продолжува на 8 страница)

редниот период, особено сега по усогласувањето на Општиот колективен договор за јавните служби, јавните претпријатија, државните органи, органите на локалната самоуправа и други правни лица кои вршат нестопанска дејност, да ги забрзаме активностите за потпишување на колективните дого вори на ниво на работодавач и со тоа да се заокружи процесот на потпишување на колективните догори на трите нивоа. Со тоа следните наши ангажирања би биле насочени кон следењето на нивната доследна примена и евентуални нови барања кои ќе значат остварување поголеми права од работен однос.

Не би сакал повеќе Вашето внимание да го задржам на она што го правевме во изминатиот период затоа што она што го сработивме, пошироко се опфатени во Извештајот за активностите во изминатиот четиригодишен период. Самиот податок што на изборните собранија не беа ставени некои посериозни забелешки, зборува дека нашето членство ја прифаќа нашата работа и ја оцени како успешна. Затоа пак сакам да кажам неколку зборови повеќе за она што најмногу ќе не преокупира во наредниот период.

Основна заложба и приоритетно прашање за сите треба да ни биде синдикалната организација. Иако можеме да бидеме релативно задоволни од организациската поставеност и функционирање на Синдикатот на УПОЗ во целина, сепак мораме уште многу да работиме да ја зацврстиме организацијата, да ја направиме помоќна и поефикасна. Да се обидеме да придобиеме нови членови, да формираме нови синдикални организации таму каде не се формирани. Само така Синдикатот ќе може да успее да го зачува а воедно и да го зацврсти своето вистинско место и својата позиција во општеството. Тоа ќе го оствариме доколку ги реализираме нашите планови и програми, доколку ги заштитиме економските и социјални права на членството, го унапредиме колективното договарање, воспоставиме социјално партнерство по европски стандарди и сигурност за работните места.

**Членството мора редовно и навреме да биде информирано**

Предуслов за остварување на горе споменатите активности и многу важен сегмент во нашето работење секако е и редовното и навремено информирање. Синдикатот на УПОЗ и досега му придаваше соодветно значење на информирањето и е меѓу ретките синдикати кои има свој билтен за активностите кој континуирано излегува повеќе од осум години, редовно ги публикува предавањата од нашите синдикални школи како и брошурата насловена како „Основни документи" во која се поместени сите позначајни документи за работата на Синдикататот на УПОЗ: Статутот, Програмата, Правилникот за Солидарен фонд и друго. Сите овие печатени материјали редовно се дистрибуираат до сите синдикални организации. Користејќи ги современите форми на информатичката технологија, Синдикатот на УПОЗ ќе биде прв во семејството на Сојузот на синдикатите на Македонија кој ќе има своја WEB страница. Најверојатно до крајот на месецов таа ќе биде отворена и промовирана со што ќе им овозможиме на нашите членови секогаш да имаат пристап до податоците и на најбрз начин да бидат информирани за нашите активности и сите други детали кои се значајни и интересни за нив.

Меѓународната соработка за Синдикатот на УПОЗ од секогаш претставувала значаен дел од програмските активности. Од досегашната соработка со повеќето европски синдикати и синдикатите од поблиското соседство мораме да бидеме задоволни и неа ќе ја интензивираме уште повеќе во наредниот период. Како што знаете, повеќе од десетина години Синдикатот на УПОЗ е член на Светските синдикати од јавниот сектор PSI и Европската федерација на синдикатите на јавните служби EPSU што за нас претставува отворена врата за соработка и контакт со повеќе модерни синдикати и синдикати со долга традиција и размена на искуства. Со тоа се создадени реални претпоставки за наша партиципација и реализирање на активностите во меѓународните синдикални организации.

И на крајот сакам да кажам дека и во наредниот период како Синдикат ќе бидеме исправени пред големи искушенија и предизвици но никогаш не треба да ја губиме вербата во моќта на Синдикатот во она што како Синдикат можеме да го направиме. Секогаш треба да знаеме дека синдикалната борба е неизвесна, долготрајна и напорна. Затоа ќе мора да се залагаме Синдикатот на УПОЗ да стане уште помасовен и уште посилен, да го изградиме во мобилна организација со јасни и препознатливи визии и методи кои ќе ни овозможат да ги постигнеме посакуваните цели. Затоа уште еднаш ќе ја потенцирам потребата заеднички да работиме на омасовувањето на нашиот Синдикат, јакнење на неговата позиција особено во основните организации - установите, институциите, фондовите, правосудните органи и здруженијата на граѓани и да ја оствариме нашата определба дека ќе изградиме силен и моќен Синдикат кој успешно ќе ги артикулира и обединува интересите на неговите членови и ќе се бори за негова целосна реализација.

Сакам да го искористам Вашето присуство на Петтото собрание на Синдикатот на УПОЗ и да ве повикам сите а преку вас и сите членови на УПОЗ активно да се вклучите во сите активности што ни претстојат и да бидеме активни креатори во обликувањето на што поправедна социјална држава во која ќе можеме непречено да ја оствaруваме и заштитуваме својата позиција во општеството. Судбината сами да ја кроиме а не некој друг да ни ја крои во наше име. Впрочем, Синдикатот постои за неговите членови и всушност тие се синдикатот а не раководството и поединци.

Затоа и во тоа име ќе завршам со мотото на нашето Петто собрание

**ПАТОТ КОЈ ЗАЕДНИЧ КИ ГО ИЗОДЕВМЕ НЕ ОБВРЗУВА ДА ИСТРАЕМЕ ДО КРАЈ**


**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

• 12 Ударна бригада 6б - Скопје,
тел: 02/31-26-351;
тел./факс: 02/32-30-829;
www.upoz.org.mk

• Билтенот го подготвува и уредува:
Пецо Груевски
• Подготовка за печат "Макформ" •

Тираж 600 примероци


**www.upoz.org.mk**